Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16-12-2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 6299 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

## ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 4 и член 28 став 1, 2 и 3, **а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14),** е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Прилеп, **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп** на ден 15.12.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

**Вонреден програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## КОНСТАТАЦИИ:

При извршениот вонреден програмски надзор врз операторот **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп** на ден 15.12.2014 година, констатирано е дека овој оператор на подрачјето на Прилеп, во рамките на дигиталниот пакет реемитува вкупно 96 програмски сервиси од кои 5 програмски сервиси не се опфатени со потврдите за регистрација на пакет програмски сервиси бр.1 од 13.04.2011, бр.2 од 25.02.2014, бр.3 од 04.06.2014 и бр.4 од 05.08.2014 година, издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Viasat Nature, CBS Reality, Russia Today HD, Russia Today Doc HD и Atlas TV.

## ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:

Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп,** на ден 15.12.2014 година во 15:00 часот, за своите претплатници, во рамките на дигиталниот пакет, ги реемитуваше следниве телевизиски програмски сервиси за кои не е издадена потврда за нивно реемитување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: Viasat Nature, CBS Reality, Russia Today HD, Russia Today Doc HD и Atlas TV, со што постапи спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14).

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ:

1. На **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп**, согласно член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), да му се издаде решение со кое ќе се наложи веднаш да го исклучи реемитувањето на следниве програмски сервиси во рамките на дигиталниот пакет: Viasat Nature, CBS Reality, Russia Today HD, Russia Today Doc HD и Atlas TV.

2. По издавањето на решение со кое ќе се наложи исклучување на програмските сервиси да се направи контролен надзор врз работата на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп**, со цел да се утврди дали истиот постапил по таквото решение упатено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата да поведе прекршочна постапка против овој оператор.

Контролниот надзор да се изврши по доставена повратница од Македонска пошта дека решението е уредно примено од страна на операторот **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп.**

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**